Follow @MKDmk Like 117K

ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

Уметникот Зоран Попоски во Националната галерија ќе ја изложи својата „Теорија“

Во Националната галерија на Македонија, мултимедијален центар Мала станица, на 15 јуни (четврток), во 20 часот, ќе биде отворена самостојната изложба на Зоран Попоски под наслов „Теорија“ (Theoria).

Интердисциплинарниот македонски уметник Зоран Попоски својот најнов проект насловен „Теорија“ (Theoria) го базира врз принципите на повеќеслојното истражување во доменот на културните и општествените теории и практики, поставувајќи се себе си како аналитичар и критичар на мноштво теми кои се однесуваат на идентитети, територија, јавен простор итн.

Тековната серија постконцептуални цртежи под наслов „Теорија“ на која е фокусиран и која ја развива од 2015 година, досега содржи 65 дела (од кои на оваа негова 14 по ред самостојна изложба, поставена во Националната галерија на Македонија е претставен избор од 22), и според авторот претставува серија на портрети на „монументални фигури од светот на филозофијата, книжевноста и уметноста, и негови лични светилници, од Фридрих Ниче и Вирџинија Вулф до Валтер Бенјамин и Џудит Батлер“.

Динамо (Ниче), 2015, туш, туш молив и лумиколор на хартија, 42x60 см

Делото од оваа серија, „Меланхолија (Ниче)“ ја доби наградата за цртеж на Артслант, водечка светска мрежа за современа уметност. Три други дела од овие серии цртежи, портрети на филозофите Теодор Адорно и Жил Делез и на уметникот Јозеф Бојс, во неколку прилики беа објавени во британскиот весник „Гардијан“, во избор на Флавија Фригери (куратorка за современа меѓународна уметност во Тејт Музејот во Лондон),

како и на Емили Сарџент (куратorка на Велком Колекцијата во Лондон) и на Шоаир Мавлиан (куратorка за современа фотографија во Тејт Модерн во Лондон).

„Повеќеслојната сугерирана наративија на Зоран Попоски е иницирана како негово лично толкување на 'ликот и делото' на познатите филозофи кои ги поставиле основите или извршиле големо влијание врз различни референтни системи на вредности, и истите се претставни како архетипски слики. Во формална визуелна/ликовна смисла, нивните лица изнурнуваат како контури од позадините или се нацртани врз истите, а инсистирањето на линијата која добива функција на означувач е своевидно навраќање на цртежот како еден од основните ликовни елементи. Комбинирајќи различни техники (туш, акрилен туш, графит, лумиколор, гваш, графит на хартија), како една од можните реминисценции кои авторот ги нуди во своите цртежи се боенките и креативната слобода за (до)испишување на 'понудените форми'.

L'Artisanat Furieux (Хана Арент) II, 2016, туш, лумиколор и графит на хартија, 42x60 см

Круцијална тема на интерес во идеолошки автономните дела на Зоран Попоски е интерпретирањето на поимите култура, идеологија, идентитет, територија и теорија. Во најновите цртежи доминираат 'расфрлани' фрагменти од колективната културна меморија, од историјата на уметност од различни периоди и поднебја, детали од архитектура, текстови, орнаменти, флорални елементи, геометриски нацрти, фигури... Притоа, сите алегории, пораки и вредности во ваквата визуелизација, во перцептивна и естетска смисла, во јукстапозиционираноста кон целината ја потенцираат интертекстуалноста на наративијата“, пишува куратorката Маја Чанкуловска-Михајловска.

Д-р Зоран Попоски е меѓународно наградуван трансдисциплинарен уметник, едукатор и истражувач. Роден во Скопје во 1974 година, Попоски живее и работи во Хонг Конг. Попоски истражува теми поврзани со културното преведување, лиминалноста, идентитетот и јавниот простор преку медиумите на цртежот, сликарството, графиката, фотографијата, перформансот, видео артот и издаваштвото.



Приказната на Лаја (Вирџинија Вулф), 2016, туш и лумиколор на хартија, 42x60 см

Неговите дела се прикажани на 70 меѓународни изложби и фестивали, меѓу кои: АртБазел Хонг Конг, 30 Биенале на графика Љубљана, Азија Контемпорари Арт Шоу, Тисен Борнамисза 21 Арт Контемпорари Виена, Институт за современи уметности Лондон, Музеу Вила Вељa Португалија, Данска Национална школа за изведбени уметности во Копенхаген, Национален музеј на Црна Гора, Сергеј Курјокин Музеј за модерна уметност во Санкт Петерсбург, Местни Музеј Љубљана, Музео де Арте де Понсе Сан Хуан во Порторико, Национална галерија на Македонија, Музеј на современа уметност Скопје, Музеј на град Скопје – Отворено графичко студио, Фестивал Артстејс во Словенија, Универзитет Шарџа во Обединетите Арапски Емирати, итн. Негови јавни уметнички проекти се прикажани на урбани ЛЕД-екрани, билборди и постери во Њујорк, Хонг Конг, Даблин, Скопје, итн.

Изложувал заедно со врвните светски имиња од современата уметничка продукција, како Герхард Рихтер, Нам Џун Пајк, Алора и Калзадија, Шу Бинг, Риркрит Тираванија, итн. Неговите дела се избирани за изложби од врвни светски куратори и критичари, како Доналд Каспит (професор емеритус по историја на уметност и филозофија, Државен Универзитет на Њујорк), Елизабет Сасман (куратор, Витни Музеј, Њујорк), Дебора Кален (директор и главен куратор, Галерија на Универзитетот Колумбија, Њујорк), итн.

Магистрирал уметност во нови медиуми (ТИ/ДУК, Њујорк и Линц, Австрија) и докторирал студии на културата (ЕУБА, Скопје). Остварил студиски престои на Школата за визуелни уметности во Њујорк, Вулу Берлин, Пацифик Нортвест Колеџ оф Арт во Портланд (САД), Вермонт Студио Центар (САД), итн.

Добитник е на низа меѓународни награди и признанија за уметност, меѓу кои: Награда ЦЕЦ Артслинк (Њујорк), ИД+консони Сондика (Шпанија), ВСЦ Уметнички грант (САД), Артслант награда избор на жирито, итн.

Bourreaux de Solitude (Гиљтини за Хомер), 2016, туш, графит и лумиколор на хартија, 40x62 см

Неговите дела се наоѓаат во повеќе меѓународни колекции, меѓу кои Видеотаж Медиа Арт Колекшн во Хонг Конг, Фондација Лучијано Бенетон во Италија, архивирани во АУП архивата (проект на е-флукс во соработка во Серпентајн Галери во Лондон), и застапени во Сачи Арт Колекшн.

Неговата изложба во Мала станица ќе трае до 15 јули 2017 година, а куратор на проектот е Маја Чанкуловска-Михајловска.

MKD.mk
Like Page 117K likes
Recommend 1 Tweet G+1 0

Сподели

Share 1 Tweet

Ликовна уметност

Библиотеката „Браќа Миладиновци“ ја организира...
Работилницата „Доза на сатира за здрава...
Билјана Петровска Исијанин е добитник на...
Активизмот и формите на отпор низ културата и...
Цртежи од Павле Кузмановски ќе бидат изложени во...
Сликарот Сашо Поповски ќе ја постави изложбата „...

Објавено на

15 Јуни 2017 - 13:15

Поврзани содржини